РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE, DEMOGRAFISË DHE RINISË - SHKUP
Бр. / Nr. 02-3813/11
20-08-2024 20 год. / viti

Друштво за производство и трговија и услуги
ГРАФОТЕКС ДОО увоз-извоз
Бр. 0307-93
22.08 2024 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

ДЕЛ 1: Канцелариски материјали

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за социјална политика, демографија и млади**, со седиште на ул.„Даме Груев„ бр.14 Скопје, претставувано од Министер Фатмир Лимани, во понатамошниот текст Договорен орган, од една страна и

2. **Друштво за производство, трговија и услуги ГРАФОТЕКС ДОО увоз-извоз Скопје**, со седиште на ул. Јуриј Гагарин бр. 55 Скопје, ЕМБС 4124332 застапувано од Управител Миле Стојковски, во понатамошниот текст Носител на набавката, од друга страна.

**II. ДЕФИНИЦИИ (ОБЈАСНЕНИЕ НА ПОИМИТЕ)**

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следново значење:

1) „**Договорен орган„** - е субјект дефиниран во член 4 став 1 точки а), б), в), г) и д) од Законот за јавни набавки;

2) „**Носител на набавката„** - е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за јавна набавка;

3) „**Договор за јавна набавка на стоки„** - претставува набавка на една или повеќе стоки, преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или изнајмување со или без опција за купување на стоката;

4) „**Договорна цена„** - е цената која ја побарува Носителот на набавката како што е утврдено во овој Договор, вклучувајќи го и евентуалниот попуст што го дал;

5) „**Испорака„** - значи предавање на стоките од страна на Носителот на набавката на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договорот, на начин на кој Договорниот орган се стекнува со право на сопственост на стоките;

6) „**Сродни услуги„** - претставуваат пропратни услуги на набавката на стоки, како што е осигурување, инсталација, почетно одржување и други слични обврски на Носителот на набавката според условите наведени во овој Договор;

7) „**Сервисирање„** - претставува отстранување на сите грешки (дефекти и слично) и технички недостатоци, како и вградување на потребните резервни делови на испорачаните стоки;

8) „**Подизведувач„** - е домашно или странско правно или физичко лице, кое треба да достави кој било дел од стоките или да изврши кој било дел од сродните услуги преку поддоговор склучен со осителот на набавката.

## III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка на стоки како поедноставена отворена постапка во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи) и важечките подзаконски акти, како и материјалните прописи кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-3813/3 од 17.05.2024 година, Одлука за избор за најповолен понудувач со архивски број 02-3813/9 од 18.07.2024 година, како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

Предмет на овој договор е набавка на канцелариски материјали, сукцесивно по спецификација, која е составен дел на овој договор за потребите на Министерството за социјална политика, демографија и млади (ДЕЛ 1).

| Р. Бр. | ДЕЛ 1: КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛИ | Единечна мерка | Количина | Единечна цена без ддв | Вкупно без ддв |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Регистратор А4 широк минимум 8 см., кутија со лепенка, облепен со хартија во боја | парче | 500 | 108,00 | 54.000,00 |
| 2 | Папка со метален шетачки механизам А4 формат, проѕирна, пластифицирана прва страна | парче | 340 | 11,50 | 3.910,00 |
| 3 | Папка, хромо картон со преклоп, А4 формат, минимум 280гр., 25х33см. | парче | 230 | 9,50 | 2.185,00 |
| 4 | Најлонски УП папки за документи, перфорирани, А4 формат, од минимум 30 микрони, минимум 1/100 парчиња во едно пакување | пакување | 135 | 91,00 | 12.285,00 |
| 5 | Коректор со разредувач, сет 1/2 од минимум 20 мл., еколошки | пакување | 20 | 45,00 | 900,00 |
| 6 | Спајалици 2, 33 мм од минимум 1/100 | пакување | 120 | 13,00 | 1.560,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Спајалици 6, 50 мм од минимум 1/100 | пакување | 20 | 19,00 | 380,00 |
| 8 | Иглици за хефталица 24/6 од минимум 1/1000 | пакување | 150 | 13,00 | 1.950,00 |
| 9 | Иглици за хефталица 23/13 од минимум 1/1000 | пакување | 20 | 32,00 | 640,00 |
| 10 | Мастило за печат од минимум 30 мл., сина боја | парче | 35 | 20,00 | 700,00 |
| 11 | Јастуче за печат со минимум 68x101 мм. | парче | 5 | 40,00 | 200,00 |
| 12 | Ножички од нерѓосувачки челик од минимум 13 см. | парче | 55 | 30,00 | 1.650,00 |
| 13 | Моливи дрвени со гума , HB | парче | 70 | 3,50 | 245,00 |
| 14 | Гуми за бришење на пенкало со минимум 38x10x30 мм. | парче | 20 | 9,00 | 180,00 |
| 15 | Острилки метални со минимум димензии 37x23x8 мм. | парче | 10 | 6,00 | 60,00 |
| 16 | Линеар пластичен од минимум 30 см. | парче | 10 | 7,00 | 70,00 |
| 17 | Чаша за моливи пластична мимимум 200 мл. | парче | 15 | 35,00 | 525,00 |
| 18 | Самолепливи ливчиња од минимум 1/100 со минимум димензии 75x75 мм. | пакување | 300 | 15,00 | 4.500,00 |
| 19 | Самолепливи мемо стикери за обележување во разни бои по минимум 25 л. | пакување | 300 | 9,00 | 2.700,00 |
| 20 | Текст маркер за обележување во различни бои | парче | 200 | 15,00 | 3.000,00 |
| 21 | Хемиски пенкала со метална клипса, траг од 0,5 мм. до 0,7 мм., во сина боја | парче | 700 | 7,00 | 4.900,00 |
| 22 | Хемиски пенкала за водење деловодник, со гел во сина боја, траг од 0,5 мм. до 0,7 мм. | парче | 50 | 11,00 | 550,00 |
| 23 | USB флеш меморија, минимум 8 GB | парче | 150 | 190,00 | 28.500,00 |
| 24 | Хефталица клешта 24/6-26/6, минимум 20 листови | парче | 60 | 156,00 | 9.360,00 |
| 25 | Дехефталица | парче | 30 | 20,00 | 600,00 |
| 26 | Полици за документи PVC, хоризонтални за А4, минимум 243x335x57 | парче | 40 | 100,00 | 4.000,00 |
| 27 | Селотејп со минимум димензии 15x33 м. | парче | 70 | 7,50 | 525,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 28 | Коверти мали C6, со минимум димензии 114x162 со лента, самолепливи | парче | 1000 | 1,30 | 1.300,00 |
| 29 | Коверти средни Б5 со минимум димензии 176x250 со лента, самолепливи | парче | 1500 | 2,60 | 3.900,00 |
| 30 | Коверти големи Б4 со минимум димензии 250x353 со лента, самолепливи | парче | 1000 | 5,00 | 5.000,00 |
| 31 | Архивски кутии со минимум димензии 36x26x13 см., со лепенка, облепени со хартија во боја, со врвка | парче | 200 | 120,00 | 24.000,00 |
| 32 | Фотокопирна хартија бела, А4, минимум 1/500, 80 г/м2, бела | топ | 1100 | 305,00 | 335.500,00 |
| 33 | Дупла бела хартија А3 80гр./м2 од минимум 1/250 | топ | 15 | 304,00 | 4.560,00 |
| 34 | Шпартана хартија А3 60гр./м2 од минимум 1/250 | топ | 15 | 304,00 | 4.560,00 |
| 35 | Каса прими (карбонизирана) со минимум 20x9,5 см., минимум 1/100 листови во кочан | кочан | 10 | 57,00 | 570,00 |
| 36 | Каса исплати (карбонизирана) со минимум 20x9,5 см., минимум 1/100 листови во кочан | кочан | 30 | 57,00 | 1.710,00 |
| 37 | Лепак во туба универзален прозирен минимум 40 мл | парче | 5 | 51,00 | 255,00 |
| 38 | Празна магнетна кутија за спојувалки минимум висина 9.5cm ширина 4.5cm | парче | 5 | 32,00 | 160,00 |
| 39 | Компакт диск со платична опаковка, CD-R минимум 700 MB | парче | 90 | 22,00 | 1.980,00 |
| 40 | Компакт диск DVD R со платична опаковка, минимум 4.7Gb | парче | 15 | 24,00 | 360,00 |
| 41 | Хемиски пенкала со метална клипса, траг од 0,5 мм. до 0,7 мм., во црвена боја | парче | 50 | 6,00 | 300,00 |
| 42 | Благајнички извештај | парче | 2 | 152,00 | 304,00 |
| 43 | Приемна книга образец П-3а ( книга за испраќање пошта ) | кочан | 2 | 152,00 | 304,00 |
| 44 | Хартиени папки со ластик | парче | 30 | 22,00 | 660,00 |

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вкупната вредност на договорот за набавката на канцелариски материјали ќе се утврди врз основа на стварно извршената испорака, но нема да го надмине износот од 525.498,00 денари без данок на додадена вредност. Данокот на додадена вредност изнесува 94.589,64 денари. Вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 620.087,64 денари.

## VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Договорот се склучува на определено време за период до една година, односно до исполнување на износот од 525.498,00 денари без данок на додадена вредност, односно 620.087,64 денари со пресметан данок на додадена вредност. Доколку наведената вредност на договорот не се исполни во наведениот рок на времетраење на Договорот, истиот ќе престане да важи.

## VII.ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Навременото и квалитетно извршување на Договорот, Носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од банка прифатлива за Договорниот орган.

Висината на банкарската гаранција изнесува 10% од вкупната вредност на договорот.

Гаранцијата се наплаќа во следните случаи:

- во случај на неиспорачување на стоката/те по дополнително доставено писмено известување од страна на Договорниот орган и оставен рок од 3 (три) работни дена за испорака на стоката/те;

-во случај на несовпаѓање на техничките и квалитативните карактеристики на испорачаната стока/и, верификувано од независна институција за контрола на квалитетот на испорачаната стока/и;

-во случај на раскинување на Договорот по вина на Носителот на набавката;

Гаранцијата за извршување на договорот во услови на навремено и квалитетно извршување на Договорот, му се враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена по целосното извршување на договорот.

- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- пресметка за ДДВ;
- валута на плаќање.

Носителот на набавката е должен да ја доставува фактурата за испорачаната стока во прилог со испратница/и и фотокопија од нарачката добиена од страна на Договорниот орган.

## XI. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

**Член 10**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши сукцесивно, по доставена фактура во архивата на Договорниот орган од страна на Носителот на набавката.

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши во рок до 60 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган.

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница.

Во случај Договорниот орган да не ја плати фактурата во договорениот рок се засметува законска затезна камата во висина определена согласно позитивните законски прописи.

## XII.РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

**Член 11**

Носителот на набавката нема право на промена на цената на стоката/те за времетраењето на Договорот.

## XIII. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 12**

Квалитативен и квантитативен прием на нарачаните канцелариски материјали врши одговорното лице во Министерството за социјална политика, демографија и млади, со документ (испратница) потпишана од овластено лице од Министерството за социјална политика, демографија и млади и Носителот на набавката.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стока/и.

## XIV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 13**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката/те на Министерството за социјална политика, демографија и млади во исправна состојба.

**Член 14**

Носителот на набавката е должен испораката на стоката/те да ја врши сукцесивно во рок од 3 (три) работни дена од денот на приемот на нарачката доставена од страна на Договорниот орган.

## XV. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 15**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цената на Носителот на набавката, по испорака на стоката/ите, а во рок до 60 дена од денот на доставувањето на фактура од страна на Носителот на набавката, пополнета на начин пропишан со овој Договор.

Лице задолжено за реализација на договорот е Зорица Пеливанова или друго лице овластено од Министер .

## XVI. НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА СТОКАТА/ИТЕ

**Член 16**

Примопредавањето на стоката/те се состои во вршење на потребните дејствија за да биде возможно предавањето, како и превземањето на стоката/те.

**Член 17**

Носителот на набавката е должен да му ја предаде стоката/те на Министерството за социјална политика, демографија и млади во времето и на местото предвидено со овој договорот.

Носителот на набавката ја извршил обврската за предавање, по правило, кога стоката/те ќе му ја врачи на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Член 18**

За примопредавањето се составува записник кој ги содржи особено следните податоци:

1) дали стоката/те е испорачана во рокот кој е договорен;

2)дали квантитетот и квалитетот на испорачаната стока/и одговара на договорениот квантитет и квалитет.

3)доколку се појави разлика во бараната и испорачаната стока, Договорниот орган не презема обврска за исплата на разликите кои се вишок од бараната стока.

**Член 19**

Записникот за примопредавање го потпишуваат двете договорни страни.

Од денот на составувањето и потпишувањето на записникот настануваат последиците во врска со примопредавањето.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнила на време.

**Член 33**

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

**Член 34**

Со договор може да се прошири одговорноста на договорната страна и врз случај за кој таа инаку не одговара.

Исполнувањето на ваквата договорена одредба не може да се бара ако тоа би било во спротивност со начелото на совесност и чесност.

**Член 35**

Одговорноста на договорната страна за намерата или крајното невнимание не може однапред со договор да се исклучи.

Судот може, по барање од заинтересираната договорна страна, да ја поништи и договорната одредба за исклучување на одговорноста за обично невнимание, ако таквата спогодба произлегла од монополската положба на договорната страна или воопшто од нерамноправниот однос на договорните страни.

**Член 36**

Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да и бидат познати.

Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неисполнување поради крајно невнимание, договорната страна има право да бара од другата договорна страна надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што другата договорна страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.

Ако при повреда на обврската, покрај штетата, за договорната страна настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместот за неа ќе се води сметка во разумна мера.

Страната што се повикува на повреда на договорот е должна да ги преземе сите разумни мери за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместот.

**Член 37**

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

## XXI. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 38**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред арбитражна комисија која ќе ја сочинуваат 3 (три) члена и тоа по 1 (еден) од двете договорни страни, а третиот член ќе го одберат заеднички од редот на арбитрите на Арбитражниот суд при Стопанска Комора на Република Северна Македонија.

**Член 39**

Доколку Арбитражната Комисија не даде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

## XXII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 40**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата

**Член 41**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од 3 (три) дена за исполнување на обврската.

Ако договорните страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

**Член 42**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 43**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 44**

Кога во Договорот со последователни обврски (сукцесивна испорака), Носителот на набавката не ќе ја исполни својата обврска од Договорот по дополнително доставено писмено известување од страна на Договорниот орган и оставен рок од 3 (три) работни дена за испорака на стоката/те, Договорниот орган може во рок од 8 дена, да го раскине Договорот во поглед на сите идни обврски, ако од дадените околности е очигледно дека и тие нема да бидат исполнети.

Договорниот орган може да го раскине договорот не само во поглед на идните обврски, туку и во поглед на веќе исполнетите обврски, ако нивното исполнување без изостанатите исполнувања не е од интерес за него.

**Член 45**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во рок од (3) три дена.

**Член 46**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 47**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно има право да и се врати она што го дала.

Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.

Секоја страна и должи на другата надомест за користа што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести.

Страната што враќа пари е должна да плати затезна камата од денот кога ја примила исплатата.

**Член 48**

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Ако изрече раскинување на договорот судот, на барање од другата страна, ќе ја обврзе страната што барала раскинување да и надомести на другата страна справедлив дел од штетата што ја трпи поради тоа.

**Член 49**

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

## XXIII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 50**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 51**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 52**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

**Министер**
Fatmir Limani

**Договорен орган**

**Графотекс**
Миле Стојковски

**Носител на набавката**

Изработил: Благица Мирчевска, Раководител на одделение
Одобрил: Славица Костовска, Раководител на сектор
Контролирал: Љубица Панова, Раководител на сектор
Согласен: Fatmir Sabriu, Државен секретар